РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 04-61/11
25.03 2025 год.
ПРОБИШТИП

Врз основа на чле 45 став 1 од Законот за административните службеници („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16,2/17, 16/17, 11/18, „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24,210/24), Секретарот на Општина Пробиштип доенесе:

# ОДЛУКА

## За избор по јавен оглас за вработување на административен службеник

По јавен оглас бр.30/2025

1. За извршител на работното место УПР0101В01000 Советник за следење на преокти од обласа на комуналната инфраструктура, локални патишта и улици во Одделението за комунални работи, патишта и улици се избира:
   - Стефанија Ивановска
2. 2. За извршител на работното место УПР0101В01000 Советник администратор на урбанистичка документација во Одделението за урбанизам се избира:
   - Борјан Манев
3. Именуваните административни службеници под бр. 1 и 2 ќе бидат вработени на работните места по конечност на оваа одлука, по што ке се донесе Решение за вработување од Градоначалникот на Општина Пробиштип.
4. Оваа одлука се доставува до избраниот кандидат и се објавува на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација .

Образложение

На ден 25.01.2025 година во дневните весници Вечер, Слободен печат и Коха и на интернет страницата на Агенцијата за администрација објавен е јавен оглас бр. 30/2025 за вработување на двајца извршители на работни места:1. Советник за следење на преокти од обласа на комуналната инфраструктура, локални патишта и улици во Одделението за комунални работи, патишта и улици во општина Пробиштип и 2. Советник администратор на урбанистичка документација во Одделението за урбанизам во Општина Пробиштип .

Со Решение бр.10-253/5 од 03.02.2025 година формирана е Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас од страна на Агенцијата за администрација. Комисијата за селекција за вработување спроведе административна селекција за административен службеник на ден 10.02.2025 година и достави Записник бр. 10-253/6 .

На ден 21.02.2025 година Комисијата спроведе испит за административен службеник за што достави Записник од спроведениот испит за административен службеник бр.10-253/7.

На ден 03.03.2025 година Комисијата изврши проверка на веродостојноста на докази и спроведе интервју за административен службеник, за што достави Записник бр. 10-253/8.

По спроведената постапка извршено е бодирање и Комисијата изготви Конечна ранг листа и Предлог за избор на кандидат за вработување за работно место **Советник за следење на преокти од обласата на комуналната инфраструктура, локални патишта и улици во Одделението за комунални работи, патишта и улици во општина Пробиштип и Советник администратор на урбанистичка документација во Одделението за урбанизам во Општина Пробиштип** бр. 10-253/10 од 14.03.2025 година.

Врз основа на доставениот предлог за вработување на кандидат, Секретарот на Општина Пробиштип изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

Правна поука: Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата на Агенцијата за администрација

Изготвил: Драгана Јовчевска

Одобрил: Јованка Данева

Општина Пробиштип

Секретар

Билјана Ефтимова

Доставено до:-Архива

-Аднистративен службеник